Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совревски од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ..... 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ..... 103

## Р Е Ф Е Р А Т

## НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на својата 42. седница, одржана на 16 февруари 2011 година, донесе Одлука за распишување Конкурс за еден наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***офталмологија*** на Факултетот за медицински науки.

Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-46/27 од 6 април 2011 година и Решение за претседател со бр. 2502-46/44, за член бр. 2502-46/45 и член бр. 2502-46/46 2502-121/100 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***офталмологија*** на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Милица Ивановска, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
2. д-р Невенка Лабан-Гучева, доцент на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
3. д-р Никола Камчев, професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот беше објавен во дневниот весник „Дневник", на 18 март 2011 година. На Конкурсот се пријави д-р Галина Димитрова, доктор по медицински науки по офталмологија.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, кој беше објавен на 16 декември 2010 год., за избор на наставник во насловно звање *доцент/вонреден професор* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Галина Димитрова** е родена во 1971 година во Скопје. Во 1996 година завршува Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Докторски студии завршува во 2002 г. на Медицинскиот факултет на Токискиот универзитет во Токио, Јапонија. Тезата на докторските студии е со наслов *„Ретробулбарна циркулација кај дијабетични пациенти и кај пациенти со сенилна макулопатија", во н*аучна област циркулација, патофизиологија на болести на ретина. Во 2006 година завршува специјалистички студии на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во областа офталмологија. Во 2008 година завршува Курс за менаџмент и лидерство во здравството на Медицинскиот факултет, Школа за јавно здравство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Р. Македонија.

***Работно искуство***

Во периодот од 1996 до 2002 година работи како истражувач на Одделот за офталмологија во Токиската универзитетска болница, Токиски универзитет, Токио, Јапонија. Од 2002 до 2006 година работи како лекар на специјализација, Клиника за очни болести - Скопје, Македонија. Во период од 2006 до 2008 година работи како специјалист офталмолог, Клиника за очни болести - Скопје, Македонија. Во периодот од 2008 до

2011 година работи како специјалист офталмолог, ПЗУ Центар за очни болести „Око" - Скопје, Македонија. Од 2011 година работи како специјалист офталмолог во Поликлиника „Неуромедика" - Скопје, Македонија. Од 2011 година е избрана во доцент по предметот Офталмологија на Факултетот за стоматологија, Европски универзитет на Република Македонија, Скопје, Македонија.

***Специјалности, проекти и стручно-апликативна дејност***
***Стручно-апликативна дејност:***

– Апликација на ехографска колор Доплер техника на мерење на ретробулбарна циркулација;
– Апликација на Хајделберг ретина флоуметрија за мерење на ретиналната микроциркулација;
– Флуоресцинска ангиографија на болести на задниот очен сегмент;
– Оптичка кохерентна томографија на преден и заден очен сегмент;
– Рецензент на трудови пријавени за објавување во стручни офталмолошки списанија.

***Проекти***

Од 2003 до 2004 година, Проект за инсталација на медицинска опрема на Клиника за очни болести, Проект на Влада на Јапонија (Japan's Grant Assistance for Grassroots Projects).

***Јазици и познавање на компјутери***

Англиски - одлично (зборување, читање, пишување);
Француски – добро (зборување, читање, пишување);
Јапонски – добро (зборување), основно (читање, пишување);
Италијански – основно (зборување, читање, пишување).

Компјутерски програми: Microsoft Office, Internet.

***Награди***

– 1994 година, Втора награда за научен труд на Студентски меѓународен конгрес, Софија, Бугарија.

***Член на научни здруженија***

Офталмолошко друштво на Република Македонија, член на
Европско офталмолошко здружение, член.

***Поважни презентации и соопштенија:***

1. Dimitrova G, Kato S, Yamashita H, Nagahara M, Sakurai M. *Ocular hemodynamics of non-diabetic retinopathy and non-proliferative diabetic retinopathy patients*. **11th National Congress Research. Japanese Chapter of International Society for Vision Research, September 1999, Hiroshima, Japan. P60.**
2. Dimitrova G, Kato S, Fukushima H and Yamashita H. *The effect of medically treated systemic hypertension to the circulatory parameters in the retrobulbar central retinal artery and vein of patients with diabetes*. **6th Annual Meeting of The Japanese Soceity of Ophthalmic Diabetology, March 2000, Sapporo, Japan.**
3. Dimitrova G. *Behcet Disease in Macedonia*. **The First International Convention for patients with Silk Road disease (Behcet Disease), March 2000, Kanagawa, Japan.**
4. Dimitrova G, Tomita G, Kato S. *Retrobulbar blood circulation in patients with age-related ophthalmopathy.* **105th Congress of Japanese Ophthalmological Society, March 2001, Yokohama, Japan.**
5. Челева Марковска В, Димитрова Г. *Комбинирана терапија на увеит кај морбус бехчет со циклоспорин и колхицин*. **Прв македонски офталмолошки конгрес со меѓународно учество, октомври 2003, Охрид, Македонија.**
6. Dimitrova G, Tomita G, Kato S, Taseski M. *Correlation between retinal tissue blood circulation and retrobulbar circulation in diabetic patients*. **Прв македонски офталмолошки конгрес со меѓународно учество, октомври 2003, Охрид, Македонија.**

7. Dimitrova G, Nikolovska V, Ivanovska M. *Foster-Kennedy Syndrome – a case report*. **8th Mediterrananean Ophthalmology Society Congress, October 2004, Antalya, Turkey. P69.**
8. Dzajkovska E, Dimitrova G. *Bilateral retinoblastoma – a case report*. **2nd South-East European Congress of Ophthalmology, June 2005, Sofia, Bulgaria. P65.**
9. Dimitrova G, Blazevska B, Arnaudovski Z, Stolevski V. *Pseudotumor orbitae – a case report*. **2nd South-East European Congress of Ophthalmology, June 2005, Sofia, Bulgaria. P66.**
10. Dzajkovska E, Dimitrova G. *Bloch-Sulzberger Syndrome – a case report*. **15th SOE Congress, September 2005, Berlin, Germany, P167.**
11. Dimitrova G, Kato S, Fukushima H, Yamashita H. *Circulatory parameters in the retrobulbar central retinal artery and vein of patients with diabetes and medically treated systemic hypertension*. **7th International Symposium on Ocular Pharmacology and Therapeutics, March 2008, Budapest, Hungary.**
12. Димитрова Г. *Современ третман на макуларната дегенерација поврзана со возраст*. **Фармацевтски информатор (2011) 25:46.**

***Листа на објавени научни трудови***
***Трудови објавени во книги:***

1. Dimitrova G, Kato S. (2011) Ocular blood flow in degenerative myopia. Macular Degeneration: Causes, Diagnosis and Treatment. Nova Science Publishers, New York, USA, (in press).
2. Dimitrova G, Kato S. (2008) Circulatory parameters in the retrobulbar central retinal artery and vein of patients with diabetes and medically treated systemic hypertension. In Monduzzi Editore, 7th International Symposium on ocular pharmacology and therapeutics. Medimond International Proceedings, Bologna, Italy pp105-109.
3. Dimitrova G, Tamaki Y. (2004) Blood Circulation in eyes with age-related maculopathy. In: Ioseliani OR (Editor) Focus on macular degeneration research. Nova Science Publishers, New York, USA, pp 45-58.

***Стручни списанија:***

1. Dimitrova G, Kato S. Color Doppler imaging of retinal diseases. Surv Ophthalmol. 2010 May-Jun;55(3):193-214. Фактор на влијание: 2,5; број на цитати: 1.
2. Dimitrova G, Kato S, Fukushima H and Yamashita H. Circulatory parameters in the retrobulbar central retinal artery and vein of patients with diabetes and medically treated systemic hypertension. Graefe's Arch Clin Opthalmol (2009) 247:53-58. Фактор на влијание: 2,1; број на цитати: 2.
3. Dimitrova G, Tomita G, Kato S. Correlation between capillary blood flow of retina estimated by SLDF and circulatory parameters of retrobulbar blood vessles estimated by CDI in diabetic patients. Graefe's Arch Clin Opthalmol (2005) 243:653-658. Фактор на влијание: 2,1; број на цитати: не се регистрирани.
4. Dimitrova G, Kato S, Yamashita H, et al. Relation between retrobulbar circulation and progression of diabetic retinopathy. Br J Ophthalmol (2003) 87:622-625. Фактор на влијание: 2,9; број на цитати: 26.
5. Dimitrova G, Tamaki Y, Kato S. Retrobulbar circulation in patients with age-related maculopathy. Eye (2002) 16:580-586. Фактор на влијание: 2,0; број на цитати: 20
6. Dimitrova G, Tamaki Y, Kato S, Nagahara M. Retrobulbar circulation in myopic patients with or without myopic choroidal neovascularisation. Br J Ophthalmol (2002) 86:771-773. Фактор на влијание: 2,9; број на цитати: 15.
7. Dimtrova G, Kato S, Tamaki Y, et al. Choroidal circulation in diabetic patients. Eye (2001) 15:602-607. Фактор на влијание: 2,0; број на цитати: 27.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од извештајот и предложениот список на стручно-научни трудови што д-р Галина Димитрова ги објавила во стручната и научната литература, а најголемиот дел од објавените трудови ги соопштила на стручни и научни собири во земјава и во странство, може да се заклучи дека има многу богата стручна, научна и едукативна активност. Трудовите имаат значајна теоретска и практична вредност.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатката, констатиравме дека д-р Галина Димитрова ги исполнува сите услови за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област офталмологија.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, д-р Галина Димитрова да се избере во звање насловен доцент за наставно-научната област офталмологија.

**РЕЗЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милица Ивановска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Невенка Лабан Гучева, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**